# FOREVER

MACEDONIA

Јануари 2018 | Број 195

## КЛИЕНТИТЕ СЕ ОСНОВАТА НА УСПЕШНИОТ БИЗНИС

**SUCCESS DAY**

**28.01.2018**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

## ЗАБАВЕТЕ ГО ТЕМПОТО СО ПРИРОДАТА

**Rex Maughan**




## БОЖИЌНОТО ПРИМИРЈЕ

**Gregg Maughan**



# Божиќното примирје

**Нешто неверојатно се случи на Бадник 1914 год. За време на Првата светска војна во рововите на Западниот фронт настанува „чудо“, како што некои го нарекуваат. Како што напредувала вечерта, истрелите и звуците од битката постепено исчезнувале.**

Германските војници поставиле мали дрвја украсени со светла и од двете страни– германската и британската, почнале да ѕвонат божиќните песни. Се слушале дури и инструменти и како војниците си честитаат еден на друг и со радост го празнуваат празникот.

Во зори германската војска поминала низ „ничијата земја“ за да ги поздрави противниците. Изговарале „Среќен Божиќ“ на јазикот на своите непријатели и дури носеле подароци во знак на примирје! Се разбира, ова малку ги изненадило британските војници, но наскоро и тие донеле импровизирани подароци и се ракувале со непријателот. Има дури и сведоштва дека противниците организирале и пријателски фудбалски меч.

**Размислете за тоа колку животи се променија во текот на последните неколку децении со помош на само едно мало растение и со моќта на вашата работа во целиот свет.**

Тоа што се случило на овој ден има далеку подлабока смисла од обично празнично примирје. Тоа надминува дали празнуваме Божиќ или Ханука, или имаме други верувања. Овој ден докажува дека без оглед какви се разликите меѓу нас, секогаш има нешто што може да нè обедини и постои начин да ги оставиме настрана конфликтите дури и за неколку моменти, за да се потсетиме што значи за нас тој обединувачки фактор.

Јас сум Forever Proud што гледам како сопствениците на Форевер бизнис ги заборааат разликите меѓу себе, заборааат на нивното потекло, образование и верувања, за да се обединат околу една мисија – да го променат животот на луѓето во целиот свет. Форевер е нашето заедничко верување. Нè обединува и нѝ помага да правиме нешто, чија големина дури и не можеме да си ја претставиме. Размислете за тоа колку животи се променија во текот на последните неколку децении со помош на само едно мало растение и со моќта на вашата работа во целиот свет. И тука не станува збор само за тоа да им помагаме на луѓето да се поздрави или да добијат финансиска слобода. Мнозина од вас го посветиле времето и своите средства на добротворни организации и на тоа да помагаат во своите заедници. Во ова единство има голема моќ.

Настаните на Форевер се одличен пример за ова. Доволно е да ја видите мешавината на културите и јазиците. Кога излегувам на сцената и гледам како гордо се развиорени стотиците знамиња, емоцијата ме освојува. Дури се чудам од каде наоѓате толку големи бајраци? Шегата настрана, салата е како сцена од филм. И кога ја гледам публиката, на ум ми доаѓа уште пофантастична мисла, дека во таа сала е собрано едно-единствено нешто – Форевер!

Се надевам дека историјата за Божиќното примирје ќе ви даде мир и ќе ве инспирира да ги преминете границите во вашиот ум, да заборавите на разликите и да се обедините во претстојната година. Не заборавајте дека вие сте Форевер и дека со вашата работа помагате за сплотување на светот преку љубовта кон алоето и вербата во можноста.

Среќна Нова година на сите!

**Gregg Maughan**



# Забавете го темпото со природата

**Познато е дека последователната работа, вложувањето на време и неуморното занимавање со бизнисот е директно поврзано со поголеми достигнувања. Разбирам дека за да се зачува моментумот можеби ќе треба да го погледнувате вашиот телефон почесто отколку што сакате.**

Веројатно се чувствувате како секогаш да одите и никогаш не одмарате. И покрај тоа што ви се чини дека сè се движи сè побрзо, природата си има свој посебен начин да го забави темпото наместо вас.

Израснав во Ајдахо и се сеќавам дека како дете одвојував време за да ја набљудувам величествената природа околу мене. Обожував да сум надвор и да се исполнувам со енергија, седнат и со поглед кон извонредното сино небо. Во тие моменти почнав да ги разбирам и почитувам лекциите што природата ги нуди – да живееме во заедница, да сме слободни и да ја следиме нашата судбина.

**Понекогаш, станува збор само за тоа да имаме верба, да му се препуштиме на ветерот да нè носи и да им се препуштиме на нашите безбедносни мрежи.**

Неверојатно е колку мал се чувствува човек во шумата. Седејќи сам, набљудував како комуницираат птиците, животните и инсектите, слушав како ветрот шумоли во лисјата на дрвјата.

Иако се чувствував мал, осознав дека сум дел од поголема целина. Како птиците, мравките и дрвјата, секој игра важна улога во нашата заедница. Секое наше дејство има директно влијание врз сè друго. Затоа верувам дека чувањето и заштитата на животната средина се многу важни.

За мене орелот секогаш бил олицетворение на слободата. Уживав да гледам како величествените птици ги шират своите крилја и со леснотија летаат низ небесната шир. Како што тие се нурнуваат во воздухот, така и ние треба да се осмелиме да ги одделиме нозете од земјата и со верба да се нурнеме во непознатото, за да ја откриеме слободата. Понекогаш треба единствено да поверуваме, да ги оставиме нашите заштитни мрежи и да оставиме на ветерот да нè понесе.

Ако некогаш сте застанале во природата покрај поток, сигурно сте забележале како водата тече по својот пат. Без оглед какви камења или гранки се испречуваат на нејзиниот пат, таа поминува преку нив, за да стигне до крајната цел – величествено големо езеро или дури огромниот океан. Да се движиш по течението не е лесно, но нѝ се случува да покажеме отпор кога не веруваме доволно во себе или не оставаме судбината да нѝ ја открие својата намера. Ние мора да се откажеме од тој отпор и со верба да оставиме течението да нè одведе до нашата крајна цел.

Пред Глобалното рели во Далас догодина ве охрабрувам да се релаксирате во природа и да ги слушнете нејзините лекции со сопствените уши, така што ќе посетите некој од ресортите на Форевер во САД. Кога го планирате вашиот престој во Америка за Релито, не пропуштајте да вклучите и посета на некој од нашите ресорти. Има толку многу варијанти – од бродови-хотели во живописни езера и луди спуштања по речни брзаци до разгледување на некој од грандиозните американски кањони во Аризона или Јута.

Одвојте време да сте надвор и да барате авантура. Си должите себе сѝ да се забавувате малку, кога ќе дојдете тука!

Засекогаш ваш,

**Rex Maughan**



# Aloe Blossom Herbal Tea

Aloe Blossom Herbal Tea е природна мешавина од лисја, билки и зачини, специјално подготвени со цел да уживате во една исклучителна арома. Билниот чај од цветовите на алое создава топла ароматична атмосфера која ве смирува и опушта. Не содржи кофеин, го прочистува и го одржува организмот во добра форма. Топол или ладен Aloe Blossom Herbal Tea има прекрасен вкус и е лесен за пиење. Секоја негова состојка е избрана поради својот ублажувачки ефект во сите случаи на стрес во денешното динамично секојдневие: канела за свежина, кора од портокал и каранфилче за топла овошна арома, анис (комплексен зачин) и ѓумбир за смирување. Тоа е вистински меѓународен производ со состојки од Кина, Јамајка, Египет и Индија, како и цветови од алое од нашите плантажи. Ниско калоричен, освежителен пијалок, кој ако се конзумира редовно секој ден го потиснува апетитот на природен начин и добро се комбинира со секојдневниот режим на исхрана.

## СОСТАВ

Канела, кора од портокал, каранфилче, листови од капина, копар, анис (комплексен зачин), ѓумбир, кардамон, камилица, Gymnema Sylvestre, цветови од алое.

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Aloe Blossom Herbal Tea може да се пие топол или ладен во зависност од вкусот. Целосно упатство ќе најдете во секоја кутија.



# Нека вашите соништа започнат од ДЕНЕС!



СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ

Почитувани сопственици
на Форевер бизнис,
драги пријатели,

Ја испраќаме најуспешна година за Форевер Ливинг Продактс во Бугарија и Македонија! Не можете да си претставите колку сме среќни што повторно сме сведоци на растот на мнозина од вас, како и на промената во вашиот живот. Му честитаме на секој сопственик на Форевер бизнис за сè што направивте во минатата година, за да можете и вие и луѓето околу вас да ИЗГЛЕДАТЕ ПОДОБРО и ДА СЕ ЧУВСТВУВАТЕ ПОДОБРО. Имате повод да бидете среќни. Уживајте во постигнатото!

Периодот околу Нова година и Божиќ и многубројните јануарски празници е доста возбудлив и во овие неколку денови и седмици го заборавaме нормалното секојдневие. Блиску сме до семејството, празнуваме речиси секој ден, сè наоколу е празнично, а расположението е поголемо. И најважното – добиваме десетици и стотици желби за здравје, среќа, љубов и секако – за многу успех. Нè заплискуваат од секаде и се толку многу, што можеби мнозина од нас заживуваат во розов свет и се исполнети со чувството дека колку повеќе честитки добиваат, толку поверојатно е тие да се остварат.

Иако изгледа тешко, овој момент е навистина добар да размислите дали навистина го живеете животот за кој мечтаете, и како би изгледал тој ако веќе сте ги постигнале најсмелите мечти. Ова ќе ви помогне да станете посвесни за вашиот живот и да си одговорите на неколку многу важни прашања за вашиот успех како: „Дали имам сон или визија за животот кој сакам да го живеам? Дали мојот сон е конкретен? Дали мојата визија е јасна? Дали знам кога сакам да го остварам зацртаното и кои препреки ме делат од него? Подготвен ли сум да направам сè што е потребно, за да ги надминам тие препреки секој ден, секој месец, секоја година?“

Кога сте станале дел од најдобрата бизнис можност на светот – Форевер, вие сте добиле алатка со која можете да го промените својот живот. Но самото поседување не води до ништо ново. Ако сакате промена, треба да сте подготвени да ја користите таа алатка или поточно – тој систем на најразумниот начин. Ова значи да ги употребувате производите на компанијата во вашето секојдневие и да ги споделувате придобивките од нивната употреба со секој околу вас. Исто така значи да направите и постојано да го дополнувате списокот на луѓето кои ги познавате и секојдневно да контактирате со неколку од нив за да се сретнете и со ентузијазам да им раскажете за можностите за градење на сопствен бизнис, кои компанијата ги предлага. Значи и да работите заедно со луѓето кои се вклучиле во вашиот бизнис, за да можат и тие да успеат и да го направат истото како вас.

Размислете како можете да почнете да ги живеете вашите соништа уште денес. Може да изберете да чекате посакувањата на вашите блиски да се остварат. Или пак работите да станат полесни и помалку страшни сами од себе, за да тргнете напред. Но ако навистина сакате да успеете, имате само еден избор. И тој е да почнете да дејствувате уште денес! Желбите, колку и да се од срце, нема да се остварат како со волшебно стапче. А ако чекате околностите да станат подобри, вечно ќе чекате и ништо нема да се промени. Вистинскиот успех се постигнува таму каде што се наоѓате во моментот, кога правите сè што треба и работите со тоа што располагате. Многу е лесно да си најдеме изговор, за да не преземаме ништо. Не паѓајте во стапицата на нереализираните, кои цел живот ги наоѓаат причините за својот незадоволителен живот некаде вон себе. Запомнете дека за вас околностите ќе се променат, само ако ВИЕ се потрудите да ги промените. И ако тоа сè уште не сте го направиле, започнете уште сега! А тие што веќе започнале – не се откажувајте и вложете повеќе труд во новата година. Располагате со сè што е потребно за да постигнете сè што сакате.

Престанете само да си посакувате и да сметате на посакувањата на другите, без да правите ништо, за тие да можат да се остварат! Користете го времето, енергијата, мислите и трудот, за да си го промените животот и ние ви гарантираме дека нема да зажалите!

**Нека е честита на сите Новата 2018-та година, која ќе биде посебна за нашата компанија.** Ќе прославиме 40 години од нејзиното создавање и најверојатно таа ќе биде уште една година на раст и просперитет. И во идните 12 месеци стотици и илјадници луѓе во Бугарија и Македонија, како и во целиот свет ќе почнат да живеат нов, поразличен и подобар живот со Форевер. Во овој момент имате две можности – првата е да си посакате себе си и на сите наоколу многу среќа и успех со Форевер... и да чекате посакувањата да се остварат. А втората е уште денес да почнете да делувате и да ги правите поразлично работите, за да можете и да очекувате тоа што ќе ви се случува во новата година, да е поразлично!

2018-та е пред сите нас и ќе нѝ даде нови 365 дена, за да го направиме најдоброто за себе и за луѓето околу нас. Искористете ги најразумно и повторно помислете како да заживеете во вашите соништа уште од денес!

**Со љубов и секогаш со Вас,**



**Стефан и Тања Стаеви**

40 YEARS FOREVER®

# Клиентите се основата на успешниот бизнис





**Концепцијата на мрежниот маркетинг** се појавува во 40-те години на XX век, за да им даде можност на луѓето со ограничени финансиски ресурси да започнат сопствен бизнис, инвестирајќи го своето време и труд. Така тие не само што добиваат **можност да заработат дополнителни доходи за секојдневните потреби, туку и да си изградат пасивни доходи за идните поколенија.** Веројатно и вашите мотиви да се вклучите во Форевер биле такви.

**Со нашиот маркетинг план долгорочната финансиска стабилност е реална** и основната причина е тоа што ги учиме сопствениците на Форевер бизнис да градат бизнис заснован на продажбите на мало. Тоа значи дека вие и секој од вашиот тим се фокусирате на тоа да привлечете и задржите 20-30 редовни клиента. Тие се разбира ве вклучуваат и вас (бидејќи треба да сте си најдобриот клиент!), сите ваши блиски и познати, кои купуваат производи од вас, без да се вклучиле во вашиот тим, и лично спонзорираните новус клиенти. Сите тие се извори на прометот кој ја формира вашата месечна активност со 4 б.

**Процесот е едноставен,** но и доходовен. Секој сопственик на бизнис си гради база од клиенти, спонзорира и ги учи соработниците да го прават истото. Градењето на бизнисот на каков и да било друг начин неизбежно води до краткорочни приходи, исто како што градењето на зграда врз нестабилни основи води до нејзино рушење. Секој обид да го „измамиме“ докажаниот систем ја руши целата идеја на мрежниот маркетинг и не дава трајни резултати.

Современиот свет и технологијата од една страна нудат многу различни можности за добивање на клиенти, но од друга создаваат поспецифична средина во која треба да умееме да работиме правилно. Денес стоките се исклучително лесно достапни и изборот е неверојатно голем. Се тврди дека ова изобилство влијае врз одлуките на **купувачите** и ја потенцира потребата да имаат доверба во брендот кој го купуваат, а истовремено **сакаат да се сигурни дека** плаќајќи за даден производ или услуга, **добиваат нешто вредно и квалитетно.**

Затоа **односите меѓу клиентот и сопственикот на Форевер бизнис** се особено важни и **имаат клучна улога** за растот на компанијата. Но како да го гарантирате задоволството на клиентите и да сте сигурни дека тие ќе се вратат кај вас за нови купувања?

Кога ги продаваат високо квалитетните производи на Форевер, сопствениците на бизнис обезбедуваат услуга со додадена вредност. Како што веќе споменавме, самата природа на мрежниот маркетинг го поттикнува развојот на силна и длабока врска со клиентите. Процесот на МЛМ продажбите им дава можност на сопствениците на Форевер бизнис да се обидат да ги разберат потребите на купувачот и да му ги препорачаат соодветните производи. **Блискиот контакт дозволува секој СФБ да обезбеди ефикасна и впечатлива услуга по продажбата,** бидејќи секогаш е на располагање за совет и поддршка. Така купувачите стануваат лојални клиенти и основата на вашиот бизнис станува уште постабилна. **Пружената услуга е исклучителна и не може да се најде ниту при онлајн купувања, ниту пак во најскапите бутици. Кога клиентот ќе биде услужен на високо ниво,** има многу **поголема веројатност тој да ги препорача производите и услугата** и на своите блиски. Моќта на овие препораки не треба да се потценува, бидејќи ефикасно ја проширува вашата база од клиенти.

**Форевер е компанија чии што продажби растат секоја година,** во продолжение на четири децении. Тоа укажува дека бизнис моделот на мрежниот маркетинг функционира и дека ефикасниот метод за продажби кој обезбедува директен контакт со клиентите за

консултирање, препораки и совети**, има потенцијал да биде бизнисот на иднината.**

Денес интернетот е многу популарен канал за продажби, во кој потрошувачите ја бараат најдобрата цена и најлесниот пристап до даден производ или услуга. Онлајн купувањата се зголемуваат, но купувачите не бараат само ниски цени. Затоа не треба да заборавиме колку е важно да обезбедиме добра услуга на клиентите и по продажбата. Се разбира дека за човекот кој порачува крајната сума е важна, но сепак тој бара и добар сооднос меѓу квалитетот и цената. Освен квалитетот на самиот производ, тоа би можело да вклучува и како производот бил спакуван, колку брзо пристигнал и во каква состојба, пост продажната услуга и др.

Постојат неколку начини со кои с**опственикот на Форевер бизнис им нуди атрактивен сооднос помеѓу квалитетот и цената на своите клиенти:**

- пројавува искрен интерес кон потрошувачот и внимателно го слуша;
- бесплатно го консултира за тоа кои производи можат да му користат;
- лично ја доставува порачката;
- детално објаснува како најдобро се користат производите;
- останува достапен за секакви дополнителни прашања;
- предлага безусловна 30-дневна гаранција за враќање на парите, ако клиентот не е целосно задоволен.

Накратко кажано, **сопственикот на бизнис обезбедува персонализирана услуга, прилагодена на потребите на купувачот.** Ова е услуга на високо ниво и не треба да го потценуваме нејзиното значење за потрошувачите. Имајте предвид дека клиентите стануваат сè попопуларни и за да ги привлечете, вашата услуга навистина треба да биде со пет ѕвездички – да ја зајакне довербата во брендот и да ви донесе редовни клиенти.

**Затоа, ако сакате да уживате во растечки приходи, работете на создавањето на база од редовни клиенти. Доколку сакате да имате извор на приходи и во иднина, грижете сè за задржување на вашите клиенти и обучувајте ги сопствениците на бизнис кои ги спонзорирате да го прават истото. Ако сакате вашите наследници да продолжат да заработуваат од вашиот бизнис, научете ги да продолжат да работат како вас.**

Можноста е ваша. Ве покануваме целосно да го искористите неговиот потенцијал, преку градење на независен мрежен бизнис, следејќи го докажаниот систем за работа!

## Дали знаете дека...

Во делот за презентации на сајтот на Форевер Бугарија и Македонија www.flp.bg можете да најдете специјална презентација за клиентите? Истата ќе ви помага да споделувате со нив зошто и како производите на Форевер можат да им помогнат да изгледаат подобро и да се чувствуваат подобро. Ќе ви помогне како за добивање на нови клиенти, така и за да ја зајакнете и продлабочите вашата врска со постојните. Преземете од адреса bit.ly/ForeverKlienti и користете ја истата, за да ја зајакнете основата на вашиот бизнис.







# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА

## Клуб 4 – ниво 1




Марија Лефковска

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Митрев Русе
Петровска Македонка

## СУПЕРВИЗОРИ



Ѓорева Евгенија
Попилиева Елизабета
Садете Алиу

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Алиу Сефер – Скопје
2. Амети Ајнур – Тетово
3. Амити Линдита – Гостивар
4. Андреева Андријана – Скопје
5. Апостолоски Александар – Скопје
6. Асани Лавдрим – Скопје
7. Асипи Кефсер – Скопје
8. Азири Ривајете – Куманово
9. Бајрами Рејхан – Скопје
10. Белули Лулије – Кичево
11. Богоева Силвана – Велес
12. Дафова Ивана – Неготино
13. Данаилов Влатко – Св. Николе
14. Давидовска Милена – Гостивар
15. Дервиши Селвије – Куманово
16. Др. Флора Доко Лумани – Струга
17. Доневска Елизабета – Скопје
18. Доневска Маја – Скопје
19. Дукоска Катерина – Гостивар
20. Ѓорѓиевска Катерина – Скопје
21. Здравковска Гордана – Радовиш
22. Зејнур Хунели – Скопје
23. Ибраими Имран – Скопје
24. Идризи Ѓулзиме – Скопје
25. Илиева Нетка – Неготино
26. Ивановска Веселиновска Емилија – Куманово
27. Јанев Лазар – Неготино
28. Јаниќ Спасовска Сандра – Куманово
29. Јанковска Пешова Зора – Кочани
30. Јорданова Симона – Скопје
31. Јованова Емилија – Гевгелија
32. Јовиќ Наталија – Куманово
33. Јукселе Адеми – Куманово
34. Кулавкова Божана – Велес
35. Љатифи Туркеме – Куманово
36. Марковска Анка – Велес
37. Михаилова Милена – Кочани
38. Михајлова Александра – Штип
39. Миладинова Фросина – Св.Николе
40. Миланова Анкица – Св.Николе
41. Николовска Марија – Скопје
42. Николовска Марија – Куманово
43. Николовска Верица – Скопје
44. Орозовиќ Алексиќ Ана – Куманово
45. Пачемски Елена – Радовиш
46. Петрова Мара – Неготино
47. Петрова Татјана – Неготино
48. Петровиќ Надица – Куманово
49. Петровиќ Славица – Куманово
50. Поповска Персида – Пехчево
51. Рамадани Шејнуре – Куманово
52. Спасовска Анкица – Скопје
53. Стевчевски Христијан – Куманово
54. Стојановска Зорица - Скопје
55. Стојчевска Анита – Куманово
56. Сулејмани Бејтуле – Гостивар
57. Сулимани Хаџер – Куманово
58. Талески Даниел – Прилеп
59. Тркалеска Габриела – Прилеп
60. Трпевски Теодор - Скопје


**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## ТОП **10**

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Вера Златковска | 1. Вера Златковска |
| 2. Др.Роза Гелевска | 2. Др.Роза Гелевска |
| 3. Др.Снежана Контра | 3. Македонка Петровска |
| 4. Славица Донакова | 4. Елена Гелевска |
| 5. Македонка Петровска | 5. Жарко Георгиевски |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Др.Снежана Контра |
| 7. Блага Крстеска | 7. Стевица Димовска |
| 8. Жарко Георгиевски | 8. Алиу Садете |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Славица Донакова |
| 10. Елена Гелевска | 10. Др. Теута Ајети |


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.